Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 14-340/4
16.03.2022 год
Новаци

ЗАПИСНИК

Од одржаната **7-та** седница на Советот на општина Новаци одржана на ден **14.03.2022** година со почеток во 12,00 часот во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот на општина Новаци:

Славица Најдовска-Стојковска, Горан Велјановски, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Александар Канзуровски, Љупчо Петровски, Наумче Смилевски, Иванчо Котевски и Сузана Јовановска.

На седницата се присутни вработени: Стевче Ангелевски - секретар на општина Новаци, Оливера Димитровска - раководител на оделение, Летка Јовановска - раководител на оделение, Николина Лозановска - соработник за соц.здр.и детска заштита.

Дневен ред

Усвојување на записникот од 6-та седница на Совет на Општина Новаци .

1. Усвојување на Завршна сметка на општина Новаци за 2021г.
2. Усвојување на Годишен извештај на општина Новаци за 2021г.
3. Предлог - Програма за јавни дејности - образование
4. Пренамена на Основен буџет на општина Новаци за 2022г.
5. Преглог-Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација
6. Извештај (финансиски и оперативен) за искористени средства за проект "Културно – забавно лето Новаци 2021г" од страна на Здружение за мода „Пикси студио" – Новаци
7. Усвојување на Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица
8. Предлог-Одлука за сопствено учество во минимален износ од 1000 евра за изградба на теретана на отворено
9. Барање за обезбебување на парични средства од ООУ „Славко Лумбарковски" за уплата во Централен Регистер
10. Разрешување на член и именување на член на Управен одбор на ООУ „Славко Лумбарковски"
11. Барање на помош од МЗ на село Старавина за препрокривање на црквата Богородица во с.Старавина
12. Давање на согласност на Завршна сметка за 2021г. (самофинансирачка и наменска) на ЈОУДГ „Бамби"-општина Новаци
13. Барање на согласност за работа на воспитни групи со поголем односно помал број на деца во ЈОУДГ „Бамби " општина Новаци
14. Барање на согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУДГ „Бамби" општина Новаци
15. Разгледување на План и Програма за работа за 2022г на КУД„Новаци" општина Новаци
16. Барање за финансиски средства од КУД „Новаци" с.Новаци
17. Предлог Акционен план и Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на општина Новаци за 2022г.

Дополнување на дневен ред на 7-та седница на Советот на општина Новаци.

18. Извештај - Преглед за реализација на програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Новаци за 2021г.

19. Предлог - Програма за изградба и одржување на локалните патишта и улици во општина Новаци за 2022г.

20. Предлог - Програма за санација, одржување на полски патишта и чистење на земјаните канавки покрај локални и полски патишта во општина Новаци за 2022г.

21.Доставување на завршна сметка за 2021г. од ООУ"Славко Лумбарковски" – Новаци

22. Дополнение на барање за финансиски средства од ООУ „Славко Лумбарковски" – Новаци

23. Барање за финансиски средства од ООУ „Славко Лумбарковски "– Новаци за подмирување на долг кон ЕДС АД Скопје, за месец декември 2021г и јануари 2022г..

Предложениот дневен ред и дополнувањето на дневниот ред **едногласно** е усвоен.

На почетокот на Седницата претседателката на Советот Г-ѓа Славица Најдовска - Стојковска предложи точката 9 од дневниот ред и точките 20 и 22 од дополнувањето да не се разгледуваат на оваа седница на Советот на општина Новаци.
Овој предлог беше **едногласно** усвоен.

1 точка: Усвојување на Завршна сметка на општина Новаци за 2021г

Појаснување по оваа точка од дневниот ред даде Раководителот на финансии Г-ѓа Димитровска која потенцира дека во доставата на Предлог- Одлуката за завршна сметка направена е техничка грешка. Имено во член 1 од Одлуката не треба да стои кредит во планирано и остварено. Во завршната сметка беа презентирани планираните и реализираните приходи за 2021г. при што вкупното салдо за 2021г. на сметки на општина Новаци изнесува 3.695.937,00 ден.

Советот **едногласно** ја усвои на Завршна сметка на општина Новаци за 2021г

2 точка: Усвојување на Годишен извештај на општина Новаци за 2021г.

Појаснување и по оваа точка од дневниот ред даде Раководителот на финансии Г-ѓа Димитровска, при што ги образложи приходите достигнати во општинскиот буџет од различни ставки како и образложение на реализирани расходи според потпрограми .

Советот **едногласно** донесе:Одлука за усвојување на Годишниот финансиски извештај на општин Новаци за 2021г.

3 точка: Предлог - Програма за јавни дејности - образование

Раководителот на финансии Г-ѓа Димитровска ја презентирање Програмата за јавни дејности-образование со посебен акцент на буџетот и финансиските проблеми со кои се соочува менаџметот на ООУ „Славко Лумбарковски" – Новаци

Советот **едногласно** ја донесе: Програма за јавни дејности – образование

4 точка: Пренамена на Основен буџет на општина Новаци за 2022г.

Раководителот на финансии Г-ѓа Димитровска по однос на четвртата точка ја објасни потребата од пренамена на буџетските средства. Имено се врши измена на распоредот на средствата на буџетот на општина Новаци во корист на средствата наменети за основното образование.

Советот **едногласно** донесе Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на општина Новаци за 2022г

5 точка: Преглог-Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко - планска документација

По однос на петтата точка објаснување даде Раководителот на Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам, заштита на животната средина и локален економски развој Г-ѓа Јовановска која потенцира дека во село Паралово нема изработено урбанистичко-планска документација и затоа е потребно е да се донесе ваква одлука.

По предлогот Советот **едногласно** донесе Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација.

6 точка: Извештај (финансиски и оперативен) за искористени средства за проект Културно – забавно лето Новаци 2021г од страна на Здружение за мода „Пикси студио“ – Новаци

Советниците го разгледаа доставениот финансиски, оперативен и наративен извештај за искористени буџетски средства за реализација на одобрен проект“Културно-забавно лето Новаци 2021г.“ во износ на 779.948,00 денари од страна на Здружение за мода ПИКСИ - СТУДИО

По кратка дискусија Советот со 8 гласови **за** и 1 глас **воздржан** донесе: Одлука за давање согласност на доставен Извештај за искористени средства за 2021г. од Здружение за мода Пикски студио-Новаци

7 точка:Усвојување на Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица

Седмата точка се однесуваше на Правилник според кој Комисијата за доделување на еднократна парична помош ќе решава по барања за финансиска помош доставени до Градоначалникот и Советот на општина Новаци од страна на физички лица кои се жители на општина Новаци.

Советниците **едногласно** го изгласаа Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица.

8 точка: Предлог-Одлука за сопствено учество во минимален износ од 1000 евра за изградба на теретана на отворено

По однос на осмата точка државниот службеник Катерина Чукалевска задолжена за реализација на проекти заедно со преставници од “Младинска Граѓанска Акција“ – с.Новаци го презентираа проектот „Зајакнување на луѓето од Пелагонија“. Дел од проектните активности е поставување на справи за вежбање на отворено, за кое што општина Новаци треба да даде сопствено финасиско учество во висина од минимален износ од 1000 евра.

По развиената дискусија меѓу советниците, Советот на општина Новаци **едногласно** донесе: Одлука за учество и имплементација на активностите на проектот „Зајакнување на луѓето од Пелагонија“ финансиран од Програмата Матра и Кралството на Република Холандија, во партнество со Про Локал од Битола.

10 точка: Разрешување на член и именување на член на Управен одбор на ООУ „Славко Лумбарковски

Советниците со 6 гласови **за**, 1 глас **против** и 2 гласа **воздржани** го разрешија лицето Марина Пајковска од с.Новаци како член на Училишноот одбор на ООУ„Славко Лумбарковски“ и го назначија лицето Александар Петковски од с. Горно Агларци како нов член во Училишниот одбор на ООУ “Славко Лумбарковски“ и донесе: Решение за разрешување на претставник од општина Новаци во Училишен одбор на ООУ “Славко Лумбарковски“ –Новаи и именување на нов член.

11 точка: **Барање на помош од МЗ на село Старавина за препрокривање на црквата Богородица во с.Старавина**

Советниците по кратка дискусија одлучија на барањето од МЗ од село Старавина за реконструкција на кровниот дел од црквата Пресвета Богородица во с.Сртаравина да одговорат позитивно при што дозволија набавка на градежни материјали во висина на 20 000,00 ден.

Советот на општина Новаци **едногласно** донесе:Одлука за одобрување на финансиски средтства за набавка на градежни материјали.

12 точка: Давање на согласност на Завршна сметка за 2021г (самофинансирачка и наменска) на ЈОУДГ „Бамби“ - општина Новаци

Директорката на ЈОУДГ“Бамби“-с.Новаци, Марина Кузмановска ја презентираше Завршната годишна сметка и тоа годишна сметка од самофинансирачки активности -787 и годишна сметка од наменската сметка за блок дотации -903.

По презентацијата Советот **едногласно** донесе: Одлука за усвојување на Завршна сметка за 2021г. на ЈОУДГ „Бамби“ с.Новаци

13. точка: Барање на согласност за работа на воспитни групи со поголем односно помал број на деца во ЈОУДГ „Бамби “ општина Новаци

И по оваа точка Директорката на ЈОУДГ „Бамби “с.Новаци, Марина Кузмановска образложи дека според член 64 став 5 од Законот на заштита на децата основачот треба да даде согласност за број на деца од 23 до 25 деца во две хетерогени воспитните групи.

Советот **едногласно** донесе: Одлука за давање на согласност на Одлука за работа на воспитните групи со поголем број на деца, односно со помал број на деца во детската градинка ЈОУДГ “Бамби“ општина Новаци

14 точка: Барање на согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУДГ „Бамби“ општина Новаци

Точка бр.14 ја презентираше Марина Кузмановска, Директор на ЈОУДГ “Бамби“ с.Новаци, а се однесува за работното време од 6.30 до 16.00 часот на детската градинка ЈОУДГ „Бамби“ кое според член 67 став 6 од Законот за заштита на децата треба да даде согласност основачот т.е општина Новаци.

Советот **едногласно** донесе: Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во детската градинка ЈОУДГ „Бамби“ општина Новаци

15 точка: Разгледување на План и Програма за работа за 2022г на КУД „Новаци“ - општина Новаци

Советниците ги разгледаа доставените материјали, ги прифатија како такви и сугерираа, за секоја финансиска потреба за реализирање на активностите предвидени во Програмата за работа, потребно е од страна на КУД “Новаци“ да се достави соодветно барање до Советот и Градоначалникот на општина Новаци

16 точка: Барање за финансиски средства од КУД „Новаци“ с.Новаци

Советот на општина Новаци го разгледа барањето на КУД “Новаци“ од Новаци за финансиски средства, потребни за набавка на женска народна носија “Пољанска“ која е непоходна за претставување на народните ора и обичаи.

Советот **едногласно** донесе : Одлука за одобрување на финансиски средства на “КУД Новаци“-Новаци

17 точка: **Предлог- Акционен план и Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на општина Новаци за 2022г.**

Советниците по кратка дискусија **едногласно** го усвоија: Акциониот план и Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на општина Новаци за 2022г.

18 точка: Извештај - Преглед за реализација на програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Новаци за 2021г.

По однос на оваа точка од страна на Советниците беше разгледан Извештајот за реализација на програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2021г. со искористување на приходи од Агенцијата за државни патишта и приходи од Буџетот на општина Новаци за 2021г. во вкупен износ од 9.905 182,43 ден.

Советот **едногласно** донесе : Заклучок за усвојување на Извештај - Преглед за реализација на програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Новаци за 2021г.

19 точка: Предлог - Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Новаци за 2022г.

Советниците по кратка дискусија **едногласно** ја донесоа: Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Новаци за 2022г.

21 точка: Доставување на завршна сметка за 2021г. од ООУ "Славко Лумбарковски" – Новаци

Директорот на ООУ „Славко Лумбарковски "с.Новаци, Илче Соклевски ја презентираше завршната сметка за 2021г. и тоа средствата од наменска дотација, средтсвата од општинската сметка како и средствата од самофинансирачки акривности.

По презентирањето и дискусијата Советот на општина Новаци **едногласно** донесе: Одлука за усвојување на Завршна сметка за 2021г. на ООУ„ Славко Лумбарковски "с.Новаци

23 точка: Барање за финансиски средства од ООУ „Славко Лумбарковски "– Новаци за подмирување на долг кон ЕДС АД Скопје, за месец декември 2021г и јануари 2022г..

И по однос на оваа точка Директорот на ООУ „Славко Лумбарковски "с.Новаци, Илче Соклевски објасни дека со покачувањето на цената на електричната енергија од една страна и ограничените финансии од блок дотациите од друга страна, ООУ„ Славко Лумбарковски" не е во можност да ги подмирува навремено сметките за потрошена електрична енергија со што се соочуваат со заостанати долгови поради неподмирени сметки.Токму затоа е потребно во рамките на своите можности општина Новаци да помогни преку плаќање на сметки за потрошена електрична енергија.

Советот на општина Новаци **едногласно** донесе : Одлука за плаќање на сметки за потрошена енергија на ООУ Славко Лумбарковски.

Записничар: Н. Лозановска
Контролирал: С. Ангелевски

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска